# Универзитетски гласник - Анекс 1

*Издавач*
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје**

*Уредник*
*на издавачката дејност на УКИМ*
**Проф. д-р Биљана Ангелова, ректор**

*Уредник*
*на Универзитетски гласник*
**м-р Марија Маневска, генерален секретар**

*Лектор*
**Весна Илиевска Цветановска**

*Техничко уредување*
**Зоран Кордоски**
**м-р Елизабета Додевска**

**СТАТУТАРНА ОДЛУКА**
за изменување и дополнување на Статутот на Стоматолошкиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје ........ 2

**О Д Л У К А**
за согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Стоматолошкиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје ........ 3

Врз основа на член 110, став 1, алинеја 1 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 154/2019, бр. 178/2021, бр. 58/2024 и бр. 124/2025) и член 57, став 1, алинеја 1 од Статутот на Стоматолошкиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 445/2019), Наставно-научниот совет на Факултетот, на својата 11. редовна седница одржана на 25.12.2025 година, донесе

**СТАТУТАРНА ОДЛУКА**
**за изменување и дополнување на Статутот на Стоматолошкиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје**

**Член 1**

Со оваа статутарна одлука се врши изменување и дополнување на Статутот на Стоматолошкиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 445/2019).

**Член 2**

Во член 19, став 2 се менува и гласи:

„Внатрешната организација на Факултетот ја сочинуваат:

- основни внатрешни организациски единици – катедри,
- центри,
- лаборатории,
- Стручна и административна служба,
- Библиотека, и
- наставни бази."

**Член 3**

Во член 21, став 1, по точка 8 се додава нова точка 9, која гласи:

„9. Катедра за јавно здравство во стоматологијата."

**Член 4**

Во член 23, став 4 се менува и гласи:

„За избор на раководител на катедра треба да се присутни повеќе од половината членови на катедрата, а за избран се смета оној кандидат кој добил мнозинство гласови од присутните членови на катедрата. На состанокот за спроведување на постапка за избор на раководител се свикува постојниот раководител. Раководителите се избираат во рок од 30 дена од изборот на новоизбраниот декан. Со престанокот на мандатот на деканот, престанува функцијата (мандатот) на раководителот."

По став 4 се додава нов став 5, кој гласи:

„За раководител на катедра не може да биде избрано лице кое го продолжило договорот за вработување согласно со Законот за високото образование и во период на траење на мандатот ќе му престане работниот однос."

**Член 5**

Член 31 се менува и гласи:

**„Други внатрешни организациски единици**

Други внатрешни организациски единици на Факултетот се:

- Научноистражувачки проектен центар (НИПЦ),
- лаборатории, и
- Центар за кариера."

**Член 6**

По член 31 се додава нов член 31-а, кој гласи:

**„Научноистражувачки проектен центар**

Во Научноистражувачкиот проектен центар се преземаат активности за реализација на научноистражувачка и применувачка, односно апликативна високостручна дејност во областа на стоматологијата, се испитуваат физичко-механичките својства на стоматолошките материјали и се врши нивно тестирање, се врши анализа и подготовка на материјали за учество на меѓународни повици за учество на проекти, се изготвуваат програми за потребите на наставнонаучните организа-циски единици и Стручната и административна служба на Факултетот, согласно со утврдените процедури."

**Член 7**

Член 32 се менува и гласи:

**„Лаборатории**

Лабораториите се формираат заради изведување, организирање и поттикнување на научноистражувачката и применувачката дејност, како и наставно-образовната практична работа, пренесување на употребата на

современите методи на работа, сознанијата и достигнувањата, како и за изведување информатички и информациско-документациски активности.

На Факултетот функционираат следниве лаборатории:

- Биохемиска и микробиолошка лабораторија,
- Заботехничка лабораторија со гипс-сала,
- Заботехничка лабораторија за стоматолошка мобилна протетика,
- Заботехничка лабораторија за стоматолошка фиксна протетика, и
- Лабораторија за реставративна стоматологија и ендодонција.

Лабораториите претставуваат организациски единици кои спроведуваат научно-истражувачка и високостручна стоматолошка дејност од повеќе области на стоматологијата. Во рамките на дејноста на лабораториите, се следат и се проучуваат состојбите, се испитуваат методите и се применуваат мерки за рано откривање на заболувањата, се предлагаат и се спроведуват мерки за унапредување на стоматолошката заштита и се спроведуваат високостручни стоматолошки доктринарни ставови.

Раководителот на лабораториите се именува од деканот, со мандат од 3 (три) години и право на уште еден реизбор.

Работата на кадрите ангажирани во лабораториите, како и потребните материјали, опрема, апаратура и средства за работа се обезбедени од Факултетот, од Универзитетот и од средства од други извори.“

**Член 8**

Во член 72, став 1, бројот „13“ се заменува со бројот „14“.

**Член 9**

Во член 77, став 4 се брише.

Ставовите 5, 6 и 7 стануваат ставови 4, 5 и 6.

**Член 10**

Одредбата од членовите 3, 6 и 8 на оваа статутарна одлука ќе започне да се применува по создавањето услови за работа на катедрата, односно Научноистражувачкиот проектен центар.

**Член 11**

Раководителите на катедрите, кои се избрани пред влегувањето во сила на оваа одлука, продолжуваат да ги вршат своите функции до стапувањето на новоизбраните раководители на функција.

**Член 12**

Оваа статутарна одлука влегува во сила со денот на нејзиното објавување во Универзитетски гласник, а ќе се објави по добивањето согласност од Сенатот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

**Д е к а н**
**Проф. д-р Соња Апостолска, с.р.**

Врз основа на член 94, став 1, алинеја 1 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021, бр. 58/2024 и бр. 124/2025) и член 157, став 1, алинеја 8 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 425/2019), Универзитетскиот сенат, на 27. седница одржана на 30.1.2026 година, донесе

## О Д Л У К А
## за согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Стоматолошкиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

**Член 1**

Се дава согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Стоматолошкиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во *Универзитетски гласник.*

**Претседател на Универзитетскиот сенат**
**Проф. д-р Драги Димитриевски, с.р.**